## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто и тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници, ја отворам Сто и тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

Од име на Собранието на Република Македонија и од свое лично име имам особена чест и задоволство да го поздравам присуството меѓу нас на комесарот за проширување на Европската Комисија господинот Оли Рен.

(Аплауз)

Ваша екселенцијо,

Вие сте меѓу нас ден по усвојување на мислењето и препораката на Европската комисија кои имаат пресвртно значење за европската иднина на Република Македонија. Со нив се потврдува дека она што е остварено и преземено кај нас не легитимира како земја партнер и кандидат за членство во Европската унија.

Во изминатиот период демонстриравме способност и капацитет кризната ситуација да ја надминеме со примена на европските методи и вредности. Со остварената стабилност и етничката толеранција во Југоисточна Европа станавме пример на функционална мултиетничка демократија.

Во овој сложен процес Собранието на Република Македонија успешно одигра една од клучните улоги. Работејќи со "полна пареа" Рамковниот договор го имплементиравме во уставните измени и во близу 80 закони и истовремно беа усвоени преку 120 реформски закони за хармонизација на нашето со европското законодавство. Во врска со Спогодбата за стабилизација и асоцијација на ефикасен начин го заклучивме поглавјето на стабилизација и започнавме со поглавјето кое содржи јасна асоцијативна агенда.

Во повеќе прилики досега, од разни причини, бевме специфичен атипичен случај во кој европската и меѓународната заедница за прв пат применува некој од модалитетите на своето присуство и поддршка. Длабоко веруваме дека навлегуваме во период кога и кај нас ќе бидат применувани Копенхашките и други вообичаени критериуми, успешно применети при неодамнешното големо проширување на Европската унија.

Нормалното и вообичаеното, со водење сметка за економските и развојните цели длабоко согласни со интересите на граѓаните, е она што повеќе од една деценија недостасуваше кај нас и во регионот. Мислењето и препораката за кандидатскиот статус во таа смисла е порака со охрабрувачко значење за нас и пошироко.

Ваша екселенцијо,

Пратениците на Собранието, а со посредство на ТВ камерите и на парламентарниот канал и граѓаните на Република Македонија, се подготвени да ги чујат пораките што ни ги носите од Брисел.

Го молам господинот Оли Рен да му се обрати на Собранието на Република Македонија.

(Господинот Оли Рен му се обраќа на Собранието).

**Оли Рен:** Претседателе, Претседателе на Собранието, членови на Собранието, задоволство ми е, почестен сум од можноста што ја имам пред Вашето Собрание да ги изнесам главните заклучоци и препораки.

Пред скоро една година, мојата прва посета на Регионот како Комесар за проширување беше посетата на Скопје. Во таа прилика при таа посета кажав дека семејството на Европската Унија нема да биде целосно доколку земјите од Западниот Балкан останат надвор од него. Претседателот на Комисијата Хоземан Ел Баросо и јас тогаш ја изразивме заложбата дека Вашето барање за членство во Европската Унија, Комисијата ќе го оцени правично, темелно и објективно, според критериумите за членство во ЕУ кои беа дефинирани на Европскиот Совет од Копенхаген ние ги нарекуваме Копенхагеншки критериуми, меѓутоа исто така можат да се наречат и скопски критериуми, затоа што првенствено тие се насочени кон јакнење на стандардот, подигање на стандардот на живеење и правата на вашите граѓани и да го трасираат патот кон членство во Европската Унија.

Сега 12 месеци подоцна, од мојата прва посета во Вашата земја јас доаѓам со таквата оценка која што беше ветена во тоа време. Таа се заснова на темелно спроведена и внимателно одмерена анализа на напредокот што го постигна вашата земја, но и на слабостите на кои преостанува да се работи за да може земјата натаму да напредува кон Европската Унија.

Најпрво во Мислењето на Комисијата се земаат во предвид важните чекори кои се направени во изминатите неколку години. Континуираниот напредок постигнат во спроведувањето на Охридскиот рамковен договор е постигнување на целата земја и целиот народ. Од 2001 година започнати се значајни реформи во земјата кои овозможија враќање на стабилноста и ги поттикнаа промените во општеството. Во овој процес понекогаш имаше и потешкотии

несомнено, но со Охридскиот договор се воспостави процес кој ја јакне заемната доверба меѓу заедниците и обезбедува цврста основа за справување со претстојните предизвици.

Вашата земја исто така, направи значајни напори во правец на јакнењето на владеењето на правото. Преземени се и првичните чекори за реформа на полицијата, како и на судството и со задоволство можеме да ги видиме и првите елементи на нивното спроведување.

Полициската служба веќе се претставува во нова светлина пред своите граѓани по внатрешните реформи, како што е воспоставувањето на мешовитите патроли и првичните измени кои оваа служба ја прават поделотворна и одговорна.

Почитувани членови на Собранието, дебатата за измените на Уставот насочени кон подобрување на независноста и ефикасноста на судството исто така испрати јасен сигнал за општата волја да се продолжи со спроведувањето на неопходните реформи. Се надевам дека потребните амандмани ќе бидат донесени брзо без одлагање за да се овозможи да се преземат следните чекори во спроведувањето. Тоа би било од огромна важност.

Можеме да видиме истоветна заложба и за постигнување на економска стабилност. Ниската инфлација, избалансираните јавни финансии и ниската јавна задолженост се индикатори на макроекономска состојба која обезбедува здрави основи за економски развој. Сега потребно е вашата земја да создаде подобри услови за инвестиции и домашни и странски инвестиции.

Исто така, ги земаме предвид значајните напори за хармонизирање на вашето законодавство со aguis на ЕУ, законодавството на Европската Унија, имено во областите на внатрешниот пазар и трговијата. Ваквиот напредок е одраз на односите кои се развиваат почнувајќи од 1997 година со склучувањето на Спогодбата за соработка, кои понатаму се проширија преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Спроведувањето на овие две Спогодби е од суштинско значење за подготовките на Вашата земја за идно пристапување. Сепак, секогаш има едно сепак. Нашата оценка покажува дека овие постигања треба да се консолидираат преку истрајни напори.

Вашата заемја е функционална демократија со стабилни институции, како што е оваа. Сепак сериозни нерегуларности во повеќе наврати фрлија сенка врз спроведувањето на изборниот процес. И покрај препораките на Европската унија да се преземат неопходните превентивни мерки повеќе пати се воочија ситуации кои не смеат да се толерираат во демокатијата.

Реформата на изборниот процес е започната и со задоволство можам да видам дека властите кон истата приоѓаат со голема сериозност. Многу е важно брзо и целосно да се спроведат препораките на ОБСЕ. Следните парламентарни избори ќе бидат навистина тест за заложбата на сите инволвирани страни кон целосниот интегритет на изборниот процес.

Силната заложба на политичките лидери на вашата земја за спроведување на Охридскиот договор ја претставува основата за постигањата кои претходно ги спомнав. Охридскиот договор и натаму е од суштинска важност за јакнење на климата на доверба и за негување на поволна средина за интеграцијата во Европската унија. Тоа се однесува и на конструктивниот дух крајно создаден со спроведување на Договорот, на самата содржина на Охридскиот рамковен договор.

Напредокот на консолидирањето на владеењето на правото зависи од натамошните напори за реформа на органите за спроведување на законот, особено полицијата и судството. Особено загрижува високото ниво на корупцијата која има влијание врз многу аспекти од стопанскиот, социјалниот и политичкиот живот во земјата. Од приоритетна важност е да ги зајакнете вашите напори на ова клучно поле со цел вашите активности да бидат поделотворни.

Комисијата го поздравува активното учество на вашата земја во регионалните и билатералните иницијативи за соработка. Сега е време да истраете во вашите напори и да ги решите сите преостанати прашања сигурно за доброто на сите страни.

На полето на стопанството пости широк концензус за основните елементи на економските политики, додека социоекономскиот напредок го преокупира вниманието на граѓаните. Овие се поволни околности за да се продолжи со структурните реформи потребни за решавање на сериозните пробелми што имаат влијание врз функционирањето на пазарното стопанство. Вашата земја мора да се соочи со институционалните слабости, како што се бавните и комликуваните админситративни постапки, слабостите вос удството и широко распространетата корупција. Без дибри функционално пазарно стопанство земјата ќе има големи тешкотии во развивањето на капацитетот да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на единствениот пазар на Европската унија.

На патот кон Европската унија исто така се потребни најразлични законодавни и административни промени кои се потребни за да се обезбеди земјата да може да ги преземе обврските кои произлегуваат од членството. Овој критериум може да се исполни само постапно, но нашата анализа укажува и на широкиот спектар на активности кои останува да се преземат.

Во мислењето Комисијата ги подели 33-те поглавја на корпусот на правото на Европската унија во 5 категории, во зависност од подготвеноста на земјата да го усвои, имплементира и спроведе акито во секое дадено поле. Во однос н а15 од овие полиња, сметаме дека не би требало да се соочите со големи тешкотии во применувањето на акитно на

среднорочн аоснова, односно дека сте на вистинскиот пат и едноставно треба да продолжите во оваа насока.

Во другите полиња и области без оглед што веруваме дек аможете да ја псотигнете целта во рок од 5 години ако продолжите со брзо итемелно спроведување на потребните реформи, или без оглед што имаме одредени сомневања дека би можеле да ги исполните барањата од акито дури и на долгорочна основа, сепак потребно е значително да се интензивираат напорите.

Општо земено, иако земјата има постигнато голем напредок во хармонизирањето на законодавството со акито, сепак напредокот во значителна мера заостанува во однос на имплементацијата и делотворното спроведување на ова законодавство. Ова е ваш голем предизвик и верувам дека и Владата и Собранието и администрацијата ќе се справат со овој предизвик со целосна одлучност.

Претседателе на Собраниеот, почитувани членови, почитувани пријатели.

Ги поздравувам напорите и посветеноста на сите оние кои дадоа придонес на напредокот постигнат во изминатите неколку години. Истовремено, како што реков, сметаме дека останува уште многу да се работи на европската агенда.

Во светлина на нашата оценка, Комисијата смета дека земјата е на вистинскиот пат во исполнувањето на потребните критериуми за започнување на приговори за пристапување кон Европската унија. Сепак преговорите можат да започнат само тогаш кога вашата земја ќе постигне достаточно ниво на исполнување, придржување кон критериумите на членство. Времето потребно за да се постигне ова зависи од тоа колку брзо може да се корегираат слабостите. Ритамот или брзината на напредокот кон членството во Европкската унија зависи од брзината на реформите во вашата земја. Нацртот на европското партнерство кое го придружува Мислењето на Комисијата треба да ви помогне да ги корегирате овие слабости каде се дефинирани клучните задачи. Се надевам дека тоа ќе го сметате како еден патоказ за натамошните реформи во вашата зема. Комисијата исто така одлучи да и препорача Европската унија да и додели статус на земја-кандидат на вашата земја, како признание за главните постигања на вашата земја во поглед на законодавната рамка која се однесува на Охридскиот рамковен договор од 2001 година, и напредокот постигнат во периодот на четирите години на имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Овој статус би претставувал политичко признание за поблизок однос меѓу Европската унија и поранешната Југословенска Република Македонија на нејзиниот пат кон членството кон Европската унија.

Очекувам дека земјите членки наскоро, најверователно во текот на Европскиот совет следниот месец ќе дискутираат за заклучоците и препораките на Комисијата.

Независно од оваа одлука, драги пријатели, Мислењето на Комисијата ја означува новата етапа во вашиот процес на европска интеграција. Следната година Комисијата ќе презентира извештај во врска со вашиот натамошен напредок. Јас сум убеден дека вие успешно ќе се справите, ќе бидете на висина на историските предизвици со кои вашата земја решила да се соочи преку поднесување на барање за членство во Европската унија. Ве уверувам дека Комисијата ќе ви помогне во целиот тек на вашиот пат кон Европската унија.

Ви благодарам на вниманието.

(Аплауз)

**Љупчо Јордановски:** Почитуван господине Рен.

На крајот на денешната седница на Собранието потсетувам на една ваша порано искажана мисла дека "крајните граници на Европа се во срцата на Европјаните". Граѓаните на Република Македонија сакаат и се подготвени да гисподелуваат европските вредности за слободата и солидарноста, толеранцијата, човековите права, демократијата и владеењето на правото.

Примете благодарност за вашата посветеност и личен ангажман за продолжување на отворени врати и проширување на Унијата и ја очекуваме вашата натамошна подршка во реализацијата на одговорна задача на приклучување на Република Македонија на Европската унија.

Со ова почитувани присутни ја заклучувам 113-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Аплауз)

(Седницата заврши со работа во 16,35 часот).